Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 83 2 јули 2012 година

јули 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област производно машинство, технологии и системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област организација на здравствена служба на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по хотелиерство” од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески од Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Предклиничка кариологија“ од насл. доц. д-р Лидија Поповска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Профилакса на орални болести“ од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 58

**ПРИГОВОР** од Владимир Арсов ........ 59

**ОДГОВОР** на Приговор од Владимир Арсов ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

## ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Согласно со Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ" бр. 35/08; 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 51/11), Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип („Универзитетски гласник" број 18, од јануари 2011 г.) и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, на седницата одржана на 16 мај 2012 година, со Одлука бр. 2402-139/3 избра Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Марија Кусевска, доцент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (претседател),
– доц. д-р Нина Даскаловска, доцент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев " во Штип (член),
– проф.д-р Билјана Ивановска, доцент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев " во Штип (член),

за избор на соработник во соработничко звање ***асистент по англистика*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во врска со објавениот Конкурс во дневните весници „Дневник" и „Лајм" од 2 мај 2012 година за избор на соработник во соработничко звање асистент од научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се пријавија: м-р Татјана Уланска, помлад асистент на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и м-р Катерина Видова од Скопје, моментално ангажирана како професор по англиски јазик и надворешен сораборник во Центарот за странски јазици во Скопје. По детално разгледување на документацијата на двете кандидатки, Комисијата утврди дека кандидатката м-р Татјана Уланска ги исполнува сите услови наведени во Конкурсот, има доволен број на објавени трудови, со просек од постдипломските студии од 9,1 и ги задоволува критериумите на Правилникот за избор на соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. За кандидатката м-р Катерина Видова, Комисијата констатира дека постојат извесни недоследности во документацијата која е приложила. Имено, копијата од државјанство е незаверена, во биографијата има наведено два труда, но нема доставено список како и копија од трудовите, како и помал просек од вториот циклус студии 8,5.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Татјана Уланска** е родена на 26 јуни 1979 година во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование (гимназија – природно-математичка насока) завршува во родното место. Во текот на средното образование посетува настава по англиски јазик "Upper Intermediate level course" - St. Joseph's Hall, Оксфорд, Англија. На Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Катедра по англиски јазик и книжевност се запишува во 1998 година, а дипломира во 2004 година. Во текот на студирањето посетува курс "Proficiency level course" Kingston College во Лондон, Англија.

Своето понатамошно усовршување го продолжува на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Неофит Рилски", Р. Бугарија, на постдипломско ниво во академската

2005/2006 година. По положувањето на сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии, магистерскиот труд под наслов **„Анализа на грешките кај македонските ученици при користењето на англискиот јазик“** успешно го одбранува во 2009 година и се стекнува со академски степен магистер по англиска филологија. Од академската 2011/2012 год. е запишана на докторски студии на државниот Софиски универзитет „Климент Охридски“ на Факултетот на класични и нови филологии, на Катедрата за англистика и американистика.

Во 2004 година работи како професор по англиски јазик во Центарот за странски јазици „Ексико“ во Скопје.

Во периодот од 2004 до 2007 година работи како професор по англиски јазик во СОУ „Димитар Мирасчиев“ во Штип.

Во 2007 година работи како **професор по англиски јазик во СОУ „Јане Сандански“ во Штип.**

**Во периодот од 2007 до 2008 година работи како професор по англиски јазик во ОУ „Димитар Влахов“ во Штип.**

**Од почетокот на 2008 работи на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како кореспондент. Во вториот семестар од учебната 2008/**2009 год. го предава предметот Лекторски вежби по англиски јазик на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет и вежби по Англиски како странски јазик на групата Германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет.

Од учебната 2009/2010 год. работи на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како помлад асистент на Катедрата по англиски јазик и книжевност и ги предава следниве предмети: Современ англиски јазик 1, 2, 3 и 4, Лексикологија на англискиот јазик и Меѓукултурни релации Велика Британија – Македонија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Англиски јазик 1 и 2 (како странски јазик) на Електротехничкиот факултет - Радовиш при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Во текот на својата работа при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип учествува на повеќе меѓународни симпозиуми, конгреси и конференции, како од областа на образованието и воспитанието, така од областа на својата тесно-стручна усовршеност од областа на филолошките науки.

***Стручна и наставно-научна активност***

Во изборниот период м-р Татјана Уланска учествува на повеќе меѓународни симпозиуми, конгреси и конференции во земјава и надвор од неа, и тоа како од областа на образованието и воспитанието, така од областа на својата тесно-стручна усовршеност, односно од областа на филолошките науки, при што има објавено поголем број на стручни и научни трудови.

***Учество на обука***

– Vantage Workshop, Британски совет Скопје и Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Центар за е-учење, февруари 2012 година.
– Активно учење во големи студентски групи – невозможност или предизвик?“ – American Councils, JFDP, Штип 2010 година.

***Учество на симпозиуми, конгреси и конференции***

**31.10.2009 - 1.11.2009 -** Третиот интернационален конгрес за применета лингвистика „Applied Linguistics Today: Between Theory and Practice“, Нови Сад, Србија.

**16.11.2009 - 18.11.2009** - Интернационалната конференција за образование, истражување и иновации „ICERI 2009“, Мадрид, Шпанија.

**4.2.2010 - 8.2.2010 -** Светската конференција за образовни науки при Универзитетот „Bahcesehir“, Истанбул, Турција.

**28-29.5.2010** – Петта интернационална научна конференција, Охрид, Р. Македонија.

**26.11.2010 - 27.11.2010** - FILOLOŠKA ISTRAŽIVANJA DANAS - Jezik, književnost i komunikacija –FID 2010. Белград, Србија.

**8.4.2011- 9.4. 2011. –** ELTA - Нови Сад, Србија.

***Список на научни и стручни трудови:***

1. **Ulanska T**., Prodanovska V. (2009): 'Application of Information-Communication Technology in the Educational Institutions in Macedonia'. V Medunarodni Simpozijum „Tehnologija, Informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja", Novi Sad, Serbia 19.06-20.06.2009: Zbornik Rezimei: pp 88.
2. **Уланска Т**. (2009) „Методи на предавање литература" Воспитание – списание за теорија и практика, Педагошки факултет, Штип, стр. 77-99.
3. **Ulanska T**., Kirova S. (2009): 'Teaching elements of culture and humour in the EFL classroom'. 3rd International Congress of Applied Lingiustics, Applied Linguistics Today: Between Theory and Practice, Novi Sad, Serbia 31.10-1.11.2009.
4. Kirova S., **Ulanska T.** (2009): 'The Use of Learning Management System Moodle for Promotion of Online Methodology'. International Conference of Education, Research and Innovation, Madrid, Spain 16-18.11.2009.
5. Јакимова Д., **Уланска Т.** (2010): 'Education and the language issue as part of multiculturalism'. V International Scientific Conference 'Education for a human society', Ohrid, 28-29 May.
6. **Ulanska T**., Kirova S. (2010): 'Methodological Aspects of Using ICT in Education'. 13th International Conference «ICT in the Education of the Balkan Countries'', Varna, Bulgaria 17-19.06.2010.
7. **Ulanska T**., Kirova S., Petkovska B., Koceva D. (2010): 'Initial English language competences in elementary state schools in Macedonia'. World Conference on Educational Sciences, Istanbul, Turkey, 04-08.02.2010.
8. Petkovska B., Koceva D. **Ulanska T**., Kirova S., (2010): 'Primary school education: Standards for student's assessment in primary school' World Conference on Educational Sciences, Istanbul, Turkey 04-08.02.2010.
9. **Ulanska T.,** Kirova S. (2010): 'Foreign language learners' errors and methods for their treatment' Filološki fakultet Filološka istraživanja danas: Jezik, književnost i komunikacija, Belgrade, Serbia 26-27.11.2010.
10. Vesna Prodanovska,**Tatjana Ulanska** Jezici u kontaktu i primenjena lingvistika-Intruded Bilingualism, Kongres za primeneta lingvistika, Univerzitet vo Novi Sad, R. Serbia Oktomri 2009.

Евалуација на трудот "Application of Information-Communication Technology in the Educational Institutions in Macedonia". Во трудот се претставени резултати во однос на вклученоста на студентите, мотивираноста, како и апликацијата на нови техники и методи во наставата преку примената на ИКТ во наставниот процес.

Евалуација на трудот „Методи на предавање литература". Во овој труд е направен превод и адаптација на иновативни методи на изведување на наставата преку и со вклучување на техники кои вклучуваат литературни текстови кои можат да послужат како идеја за разновиден и интересен наставен процес.

Евалуација на трудот "Teaching elements of culture and humour in the EFL classroom". Во овој труд се посочува на фактот дека во наставата по странски јазик често се изоставуваат елементите на културата во целната држава каде странскиот јазик е мајчин за сметка на изучувањето на јазичните вештини. Овој труд се обидува да ја истакне значајноста на елементите на култура при изучувањето на странски јазик.

Евалуација на трудот "The Use of Learning Management System Moodle for Promotion of Online Methodology". Во овој труд се разгледува еден нов вид на методологија на наставата по англиски јазик преку апликација на хибриден курс. Имено, трудот разработува пример на конкретен курс со предлози на иработка и изведување на ваква методологија на работа.

Евалуација на трудот "Education and the language issue as part of multiculturalism". Овој труд прави анализа на промените што настанаа во Македонија, а со тоа и промени на јазичната ситуација со што РМ го напушти моделот на нација-држава и се сообрази со современите процеси во светот, кои ја дефинираат како мултиетничка и мултикултурна, па оттука и како повеќејазична.

Евалуација на трудот “Methodological Aspects of Using ICT in Education“. Во овој труд се претставуваат методи и техники за да се претстават аспектите од методолошка гледна точка за примената на информатичко-комуникациските техники во наставниот процес. Трудот претставува е извесни резултати кои можат да служат како показатели.

Евалуација на трудот “Initial English language competences in elementary state schools in Macedonia“. Во овој труд се разработуваат почетните резултати од имплементацијата на англискиот како странски јазик во основните училишта во Р. Македонија, со преглед на компетенциите кои се совладуваат согласно со рамката за јазици на Европа.

Евалуација на трудот “Primary school education: Standards for student's assessment in primary school“. Во овој труд се разработува системот на основно образование во делот каде што се спомнува изучувањето на странски јазик. Овој труд се фокусира на изучувањето на англискиот јазик во деветгодишното основно образование во Република Македонија, презентирајќи ги компетенциите кои етапно се вклучуваат во процесот и начинот на нивна евалуација.

Евалуација на трудот „Jezici u kontaktu i primenjena lingvistika-Intruded Bilingualism“. Целта на овој труд беше да се претсави на кој начин сличните јазици или јазиците од иста група и јазиците кои се често во контакт, како во случајот македонски и англиски, често иако ненамерно влијаат еден на друг. Ова на некој начин води кон билингвализам низ еден наметнат модел. Во трудот се претставени резултати од две таргетни групи.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на нејзиното работење како наставник во приватни, државни основни и средни училишта и на Филолошкиот факултет, така и на планот на стручното педагошко усовршување, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност и повисокиот просек на постдипломските студии, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **кандидатката м-р Татјана Уланска да биде избрана за соработник во соработничко звање асистент од научната област англистика.**

Врз основа на приложената документација констатиравме дека се работи за кандидатка која сосема ги исполнува критериумите за избор во асистент.

## Т А Б Е Л А

**за вреднување на активностите на м-р Татјана Уланска, според критериумите дадени со Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Вежби | 16 | 0,5 | **8** |
| Вкупно | | | **8** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во земјава) труд 2 и 5 | 2 | 1 | **2** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во странство) труд 1, 3, 4, 6, 7, 8, 9 и 10 | 8 | 2 | **16** |
| Вкупно: | | | **18** |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | | | |
| Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 8 | 1 | **8** |
| Вкупно: | | | **8** |
| ВКУПНО | **34** | | |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Кусевска, доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Нина Даскаловска, доцент, член, с.р.**
**Д-р Билјана Ивановска, доцент, член, с.р.**